Дали сакате први да ги дознавате ударните вести од Македонија и светот?
Не Да



Македонија

# Кривична пријава против стрелачко друштво од Прилеп, против управителот и ракувачот со оружје

Автор: Деск | 07/05/2026 14:41

Share





## НАЈНОВИ ВЕСТИ


Македонија | 09/05/2026 21:22
**Сиљановска-Давкова: 9 Мај одново и одново нè потсетува дека ниту слободата, ниту државата не ни се подарени, туку со живот и крв се изборени**

Македонија | 09/05/2026 21:16
**Меџити: ВЛЕН не е создаден за изборен циклус, туку за нова ера**

Култура | 09/05/2026 20:19
**Синдикатот на културата излезе на протест**

Македонија | 09/05/2026 20:14
**Работници без здравствено осигурување, милионски долгови го оптоваруваат ЈКП „Тетово“**

Македонија | 09/05/2026 18:32
**Студенти од Балканот во Скопје, порака за поголем ангажман и промени**





ОВР Прилеп во координација и содејство со Одделот за криминалистичка полиција – Единица за недозволена трговија со оружје, опасни материи и радиоактивен материјал реализиран е случај на недозволена трговија со оружје сторено од стрелачки клуб од Прилеп.

Имено, на 06.05.2026 до Основното јавно обвинителство Прилеп поднесена е кривична пријава против управителот К.Ч.(43) од Прилеп, против ракувачот со оружје Т.Д.(73) од Прилеп и стрелачкиот клуб од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ по член 396 од Кривичниот законик.

Деск

Во периодот од 26.01.2026 – 29.01.2026 бил извршен увид врз основа на наредба од јавен обвинител и било утврдено дека во стрелачкиот клуб се пронајдени пет малокалибарски пушки за кои не поседуваат соодветна дозвола. Исто така, било утврдено дека управителот заедно со ракувачот на оружје, како дел од управен одбор, вршеле продажба на огнено оружје кое го поседувал стрелачкиот клуб на лица кои не поседувале дозвола за поседување на огнено оружје.




Поради тоа, во текот на 06.05.2026 ОВР Прилеп во координација и содејство со Одделот за криминалистичка полиција – Единица за недозволена трговија со оружје, опасни материи и радиоактивен материјал и Одделот за граѓански работи од стрелачкиот клуб се одземени околу 70 малокалибарски пушки и 10 малокалибарски пиштоли, како и поголема количина на пневматско оружје со цел поведување на управна постапка пред надлежен орган.




Share



© Copyright - ТВ21